Уп. Бр.08-31/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ЛГ Електроникс Инк. (LG Electronics Inc.) со регистрирано седиште на 128, Јеоуи-даеро, Јеонгдеунгпо-гу, Сеул, Република Кореја и друштвото СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. (SM Entertainment Co. Ltd.), со регистрирано седиште на 83-21,Вангсимни-ро, Сеонгдонг-гу, Сеул, Република Кореја доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување, кое ќе биде активно со фитнес апликации од страна на друштвото ЛГ Електроникс Инк. (LG Electronics Inc.) со регистрирано седиште на 128, Јеоуи-даеро, Јеонгдеунгпо-гу, Сеул, Република Кореја и друштвото СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. (SM Entertainment Co. Ltd.), со регистрирано седиште на 83-21,Вангсимни-ро, Сеонгдонг-гу, Сеул, Република Кореја иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 27.01.2022 година а дополнето на 31.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување од страна на друштвото ЛГ Електроникс Инк. (LG Electronics Inc.) со регистрирано седиште на 128, Јеоуи-даеро, Јеонгдеунгпо-гу, Сеул, Република Кореја и друштвото СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. (SM Entertainment Co. Ltd.), со регистрирано седиште на 83-21,Вангсимни-ро, Сеонгдонг-гу, Сеул, Република Кореја.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЛГ Електроникс Инк.** е светски производител и снабдувач на електроника, уреди за мобилна комуникација и апарати за домаќинство, на светско ниво, со околу 76.000 вработени на 142 локации низ светот. Светскиот приход на ЛГ Електроникс Инк., во 2020 година, изнесувал USD 47,4 милијарди. ЛГ Електроникс Инк. ги спроведува своите активности преку четири деловни единици: Хоум Ентертејнмент (Home Entertainment: HE), Бизнис Солушнс (Business Solutions: BS), Хоум Аплајанс & Ер Солушнс (Home Appliance & Air Solutions: H&A) и Вијакл Компонентс (Vehicle Components: VC).

ЛГ Електроникс Инк не е директно присутен во Република Северна Македонија, но има остварено приход од индиректни продажби во Република Северна Македонија. ЛГ Електроникс Инк е присутен во Република Северна Македонија преку индиректна продажба од нивното зависно друштво во Унгарија. Портфолиото на производи што се продаваат во Северна Македонија вклучува електроника и бела техника за потрошувачи, односно телевизори, машини за перење, машини за миење садови, фрижидери, монитори, климатизери, проектори, звучници, домашни кина и друго.

**СМ Ентертејнмент Ко. Лтд.** е водечко азиско друштво за забава, основано во 1995 година со околу 1700 вработени низ светот. Во 1997 година станало првото трговско друштво во корејската забавна индустрија кое влегло на странските пазари. СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. успешно има влезено во Северна Америка, Јужна Америка и Европа, додека сè уште ја одржува својата база во Азија, и го има подобрено националниот бренд на Кореја. СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. ја промовира уникатната култура на Кореја преку К-ПОП, корејската азбука и корејската кујна, преку содржината „Создадено од СМ“ (“Made by SM“) низ целиот свет.

СМ Ентертејнмент Ко. Лтд. нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија, но има остварено занемарлив приход во Северна Македонија во 2020 и 2021 година од директни продажби.

Предвидените деловни активности на Заедничкото вложување ќе го вклучуваат следното:

- Работење на платформа која обезбедува содржини, услуги и производи поврзани со фитнес;
- Планирање и создавање содржини поврзани со фитнес;
- Работење на студио поврзано со фитнес; и
- Деловно работење, инцидентно или поврзано со секое од горенаведените

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

конкуренцијата на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**